**Почитувани….**

**Ви благодарам и ја ценам укажаната можност да се обратам на овој важен настан посветен на децата со попреченост на кои мојата институција им посветува посебно внимание.**

**Нашата посветеност и грижа за овие лица, пред се, е поради тоа што станува збор за деца кои не умеат сами да се заштитат и кои поради попреченоста често не се прифаќаат и се исклучуваат во општеството. За жал, нашите истражувања, потврдуваат дека тоа што е направено кај нас не е доволно и овие лица сеуште се далеку од реалното остварување на правата кои им ги гарантираат Конвенцијата за правата на детето и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.**

**Верувам дека сме согласни, дека децата со попреченост имаат потреба од соодветна поддршка која ќе им помогне и ќе им овозможи учество и ефикасно придонесување во општеството. Меѓутоа, освен декларативната согласност во пракса нема значителни промени за вистинско остварување на овие права.**

**За нас, децата со посебни потреби се исти како сите други деца, а нивната попреченост ја следиме од аспект на човековите права, и се залагаме секое дете со попреченост да ја задоволи посебната потреба, а општеството да му го овозможи тоа.**

**Оттука, од големо значење не е само дали децата со посебни потреби имаат права, туку и колку овие права ги практикуваат и можат реално да ги уживаат.**

**Токму поради тоа, денес, кога по не знам кој пат ќе се потсетиме на правата на овие деца и ќе зборуваме за потешкотиите и проблемите во пристапот и остварувањето на нивните права уште еднаш јавно сакам да потсетам дека заштитата на правата на децата не е нова обврска.**

**Напротив, правата на децата се гарантирани многу поодамна со бројни меѓународни документи кои Македонија ги има ратификувано, и со кои се обврза дека ќе обезбеди услови за остварување на правата на децата на еднаква основа со другите деца и во таа насока треба да се преземат конкретни и суштински мерки.**

**Конвенцијата за правата на лицата со попреченост како и Конвенцијата за правата на детето го застапуваат холистичкиот пристап, односно содржина која се однесува на целокупниот живот на човекот, неговите права и слободи од секој аспект, па во тој контекст се разбираат и правата на детето со посебни потреби.**

**Меѓутоа, иако, Конвенцијата во фокусот го поставува лицето со попреченост и ги дава основните начела врз кои државата треба да ги креира политиките во насока на остварување и почитување на правата и слободите на лицата со попреченост, во пракса состојбата со остварувањето на правата не е таква како што е пропишана во Конвенцијата или во законите.**

**Имено, најголем дел од децата со попреченост се уште се соочуваат со големи потешкотии во пристапот до соодветни и квалитетни услуги, а со тоа и во остварувањето на загарантираните права и слободи.**

**Чувството дека не се прифатени и дека се наоѓаат на маргините не е надминато ниту кај децата ниту кај нивните семејства, кои во отсуство на потребната поддршка од општеството најмногу ја чувствуваат тежината на егзистирање без можност за остварување на права што алармира дека треба под итно да се преземат конкретни мерки за надминување на оваа состојба.**

**Почитувани,**

**Правото на детето со посебни потреби е право како на секое друго дете, и во таа насока треба да се прифати дека состојбата во која се наоѓа**

**детето со посебни потреби бара само различен, односно поинаков начин во остварување на општите човекови потреби кои се исти за сите.**

**Конвенцијата за правата на лицата со попреченост не создава нови права и слободи за овие граѓани, туку само ги појаснува и дефинира правата, односно обврските на државите – потписнички на Конвенцијата.**

**Токму затоа е особено важно децата со попреченост да ги уживаат правата и слободите како и сите други, да имаат достоинствен живот без дикриминација, со обезбеден пристап до сите сервиси и јавни услуги, со што ќе им се овозможи да живеат во заедница со своето семејство, но и целосно да се интегрираат и да партиципираат во општеството. Со еден збор да ги почитуваме поради разликите, но да ги изедначуваме во можностите.**

**Само на таков начин ќе можат да се остварат заложбите и настојувањата за спречување на нееднаквоста кон поединци и групи кои се најранливи, како што се децата со посебни потреби.**

**Затоа обврска на властите е да обезбедат реални услови за почитување и остварување на правата на сите деца, имајќи го предвид најдобриот интерес на детето, неговото учество, но и остварувањето на правата без дискриминација, согласно потребите на секое дете, па и на децата со посебни потреби. Водечка идеја треба да е дека овие лица, деца со попреченост не треба да се перцепираат како товар на општеството, туку нивниот интегритет да се стави во функција на општеството и активно да придонесуваат во општествените процеси.**

**Искрено се надевам дека ваквите средби и проекти ќе вродат со плод и ќе придонесат да ги доближиме нашите заложби и да создадеме клима на поддршка, прифаќање и одговорност, а со тоа да им дадеме можност на овие деца да го живеат животот кој го заслужуваат, со што ќе излезат од сенката во која се ставени поради предрасудите и стереотипите. Да им овозможиме да бидат ефикасен дел од нашето секојдневие затоа што децата со посебни потреби тоа и го заслужуваат.**

**Ви благодарам.**